силите. А кога сме барале ние нешто, на пр. неопходна застапеност на класичните јазици во нашите школи, или финансиска помош за наши јавни манифестации, собири, издавачка дејност која од ден на ден станува сè покомплицирана и бара ангажираност на едно лице со полно работно време, нашите барања остануваа како глас во пустина. Да се надеваме дека апелот што го упатуваме од ова место ќе биде услишан и ќе донесе позитивен резултат.

7. 09. 1989 г.

Петар Хр. Илиевски

## ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА ЗА АНТИЧКИ СТУДИИ НА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ ОД ОКТОМВРИ 1986 ДО СЕПТЕМВРИ 1989 ГОДИНА

На IV научен собир на Сојузот на друштвата за антички студии на Југославија–*Античките темели на нашето современие*, одржан во Пула од 11.10. – 18.10.1989 година, се реши седиштето на СДАСЈ во наредниот тригодишен период да премине во СР Македонија. Заради тоа, во извештајниот период членовите на Сојузот на друштвата за антички студии на Македонија, покрај со извршувањето на редовните статутарно определени задачи, се занимаваа и со обврските околу помошта во организацијата на V научен собир на СДАСЈ – *Грчко–римска антика во Југославија и на Балканот.* Речиси на секој состанок на СДАСМ, во поширок или потесен состав, на дневен ред имаше прашања врзани за тековните проблеми околу организацијата на Собирот, кој, како што е познато, се организира во мошне сложени економски услови во земјата, што се особено изразени во нашата република.

На IV научен собир во Пула седум члена од СДАСМ прочитаа свои реферати. Наскоро по враќањето од Пула, пред поширокото членство на СДАСМ беше прочитан меморандумот за единството во наставните програми по грчки и латински јазик во средното насочено образование во нашата земја. Меморандумот беше едногласно прифатен и поддржан од членовите на нашиот Сојуз, но и покрај вложените напори на средношколските и универзитетските професори, немаше големи резултати во спроведувањето на одлуките. За тоа придонесе и трансформацијата на школите од средното насочено образование. Во преодниов период наместо грчкиот и латинскиот, што до сега беа застапени во третата и четвртата година, во наставниот план на културолошката насока е вклучен само латинскиот јазик. Членовите на Сојузот на Друштвата за антички студии на Македонија вложуваат големи напори за повторно заживување на класичните паралелки, како и за што поголем фонд часови по латински јазик во трансформираните школи.

Во извештајниов период излегоа од печат четири учебници: 1. *Старогрчки јазик I* (за III клас од културолошката насока) од Е. Чушкова;

2. *Litterae I* (за III) и

3. *Litterae II* (за IV клас од културолошката насока), од Д. Чадиковска и Љ. Басотова и

4. *Латински јазик* (за I год. од здравствената струка) од С. Чадиковска.

За поуспешно водење на наставата по грчки и латински јазик, членовите на нашиот Сојуз исто така ја обновија традицијата за одржување летен семинар за средношколските наставници. Тие се погрижија со предавања, разговори и совети да ги поддржат своите колеги за полесно надминување на проблемите и да ги поттикнат на што поголем ангажман, како при одржувањето на наставата, така и при проширувањето на знаењата од класичните дисциплини.

И покрај бројните тешкотии од финансиски, административен и манипулативен карактер, списанието „Жива антика", органот на СДАСЈ, успева да го сочува својот континуитет и високото научно ниво. Благодарение на залагањата на членовите од редакцискиот совет, а особено на одговорниот уредник на републичко, сојузно и меѓународно ниво, влезени се во печат седмото и осмото посебно издание на списанието: Studia Mycenaea (1988), со издавачите: C. W. Shelmerdine, T. G. Palaima и Петар Хр. Илиевски, и збирката препеви и песни: *Versus Latini* од С. Коприва.

Се надеваме дека оваа година ќе биде решено и прашањето за вработување на технички уредник на списанието, од што во голема мерка ќе зависи дали ова на меѓународен план реномирано списание ќе продолжи да излегува во СР Македонија.

На прославата од триста и осумдесеттата годишнина од загрепската класична гимназија, што се одржа во Загреб, во ноември 1987 год., присуствуваше претседателот на СДАСЈ, професор Петар Илиевски. Тој поднесе исцрпен извештај пред членовите на СДАСМ за седницата на ИО на СДАСЈ, што на 11. ноември се одржа во Загреб.

На состаноците од СДАСМ професор Илиевски ги одржа следниве две предавања: „Микенската подлога на класичната грчка митологија" и „Коегзистенција и ривалство на грчкиот суфикс – *ισσα* и словенскиот – *ица*";

Препевот на Љ. Басотова на „Антигона" и „Филоктет" од Софокле, што е предаден во печат, беше презентиран пред поширокото членство на СДАСМ со уводен збор на Е. Колева и избрани фрагменти во изведбата на студентите.

Во рамките на популаризацијата на класичните студии, некои членови од нашиот Сојуз се појавија со свои прилози на радиото, телевизијата и во печатот.

Членови на СДАСМ исто така учествуваа на собири и конгреси во земјата и во странство.

Големо внимание во нашата научна и културна јавност побуди излегувањето од печат на два труда: 1. *Летописот на поп Дукљанин како извор за македонската средновековна историја*, од Љ. Басотова и 2. Михаил Псел како извор за средновековната историја на македонскиот народ, од Е. Колева.

Во последно време, во нашата средина се појави и едно капитално дело од областа на балканското јазикознание, зборникот трудови под наслов *Балканолошки лингвистички студии* (со посебен осврт кон историскиот развој на македонскиот јазик) од П. Хр. Илиевски, како посебно, 14. издание на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" во Скопје. Тоа широко одекна во многу средини во нашата република, а беше и повод СДАСМ да го предложи проф. Илиевски за највисоката републичка награда, 11 Октомври за животно дело. Наскоро на предлогот на СДАСМ му се придружи и Научниот совет на Институтот „Крсте Мисирков", како и видни научни и културни работници од републиката.

Претседател на СДАСМ,
Маргарита Бузалковска–Алексова

## POROČILO O DELU DRUŠTVA ZA ANTIČNE IN HUMANISTIČNE ŠTUDIJE SLOVENIJE OD OKTOBRA 1986 DO SEPTEMBRA 1989

V triletnem obdobju od oktobra 1986 do septembra 1989 se je Društvo za antične in humanistične študije Slovenije nekoliko povečalo, od 84 na okrog 100 članov. Aktivnost društva je bila tako kot v prejšnjem obdobju raznovrstna, segala je na različna področja proučevanja in populariziranja antike in njenih vrednot v najširšem pome-